Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
~~Сектор за управување со човечки ресурси и~~
информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
~~тел.02/2785-462~~
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -4644/10
од 30-05-2025 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 10/2025**

1.За извршител на работно место **советник за упатување на граѓани-странки, одделение за поддршка на Советот на општината, Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината – 1 извршител**, со шифра на работно место **УПР0101В01000**, се избира кандидатот **Васе Ангеловски.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-4644/6 од 28.05.2025 година, а во врска со Интерен оглас бр.10/2025 за работното место **советник за упатување на граѓани-странки, одделение за поддршка на Советот на општината, Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината** изготви Записник од административната селекција бр.04-4644/8 од 29.05.2025 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-4644/9 од 29.05.2025 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-4644/8 на огласот единствен пријавен кандидат е Васе Ангеловски. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-4644/9 Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати со предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидат. Врз основа на приложената документација, а согласно член 52 став 1 од Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

Изработил
Далибор Стојановски

Контролирал/одобрил
Милена Ѓоргиевска

**СЕКРЕТАР**
на **Општина Кисела Вода**
**м-р Мирко Ивановски**

Доставено до:
- Именуваната
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива